Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ
Примено: 16 -12- 2022
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 02 | 2461/1 | | |

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДЕКАНОТ
# НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“
## за периодот 15.09.2021 – 14.09.2022

Почитувани членови на Наставно-научниот совет,

Чест ми е да го поднесам вториот извештај за мојата работа во вториот мандат. Како и во претходниот, и во овој извештај ќе ја претставам мојата работа пред сè преку планираните активности за извештајниот период, дадени во мојата програма за избор за декан. Всушност, во извештајната година по тој план и се реализираа активностите во најголема мера. Секако со одреден број отстапки и непредвидени случувања, што секогаш се дел од која било планирана работа. Во процесот на реализација на програмските точки учествуваа сите: продеканите, раководителите на катедрите, наставничкиот кадар, стручните служби. Сите детали за реализираните активности ќе бидат претставени преку нивните извештаи.

### 1. Вовед

За разлика од претходната, на макро план академската 2021/2022 беше за нијанса полесна во однос на кризниот период низ кој поминува(в)ме во изминатите неколку години. Оваа нијанса на олеснување дојде пред сè поради стивнување на пандемијата предизвикана од корона-вирусот, и враќањето во нормалното секојдневие. Меѓутоа, со нови предизвици и неизвесности светот се соочи во февруари 2022, кога почна војната во Украина, а со тоа се отвори светската енергетска (и безбедносна) криза, од која, пак, не беше поштедена ниту нашата земја. Лавината од последици како зголемени животни трошоци, висока инфлација, и др., се почувствуваа во сите сфери на општеството, вклучително и во работата на универзитетите.

Сепак, на микро план, на планот на работата на нашиот факултет, акад. 2021/2022 ја одбележаа два важни настани: во првата половина од годината го чествувавме двојниот јубилеј - 75 години од основањето на Филолошкиот факултет и 100 години од раѓањето на Блаже Конески; и, во втората половина на годината изведување на завршната фаза од процесот на акредитацијата за уч. 2023/24 година. За двата настани оделно ќе се осврнам подолу.

Како заклучок на овој воведен дел, може да се каже дека со помош на здравиот разум најчесто, но и со голема посветеност кон реализирање на наставниот процес и на сè она што е базична работа на факултетот, успеавме сите заедно да прокнижиме една помалку или повеќе успешна година.

## 2. Јубилеи

2021 година беше навистина година за паметење, година во која се придвижи целиот креативен, организациски, енергиски позитивен потенцијал на кадарот на факултетот – наставен, ненаставен, надворешен, со сериозен влог и од студентското тело, кое несебично се вклучи во одбележувањето на настаните. Имајќи ја предвид општествената важност на нашиот факултет и на нашиот патрон, двата јубилеи добија заслужено централно место во медиумите, кои ги покриваа сите активности што беа предвидени во рамките на чествувањата. Главната активност што паралелно ги следеше и нашите активности, секако, беше манифестацијата 100 години Конески – година посветена на Блаже Конески во организација на Министерството за култура на РСМ, а во реализација на сите културни и образовни институции во земјата, вклучително и на нашиот факултет. Исто така, Министерството за образование и Министерството за култура ни доделија посебен фонд за изработка на брошура за Блаже Конески, како и за реализација на нашата програма, па на ова место уште еднаш им изразувам благодарност. Што се однесува до искажување благодарност за сите чинители, учесници директно или индиректно во развојот на филолошките науки, на факултетот и на проучувањето на делото на Блаже Конески, за целиот ангажман, посветеност, и вложен труд, Факултетот издаде низа благодарници и пригодни изданија: на сите факултети и институти во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", со кои има континуирана соработка; на странските амбасади со кои исто така бележи плодна и значајна соработка; јубилејна награда добија сите вработени на факултетот; благодарници за особена поддршка и придонес во развојот на факултетот добија ректорот проф. Д-р Никола Јанкуловски, и претседателот на државата г. Стево Пендаровски. Во новата монографија за факултетот, како и во документарниот филм наменски снимен за јубилеите, признание им се одаде и на сите претходни професори колеги, на оние што веќе не се меѓу нас, како и на оние што ги живеат своите пензионерски денови.

Со оглед на тоа што во прилог на овој извештај се и извештаите на сите катедри одделно, во кои подетално се опишани активностите преземени околу одбележувањето на јубилеите, овој дел ќе го завршам со констатацијата дека Филолошкиот факултет „Блаже Конески" има изградено голем потенцијал за наставно-научна, педагошка и општествена дејност, со солидна инфраструктура, и со незанемарлив идеен потенцијал за својата иднина, кој, ако не се негува, би било штета да венее и да исчезнува. Со надеж дека влогот во развојот на ликот, на идентитетот, и на функцијата на факултетот ќе продолжи и натаму со целосна несебична посветеност и страст, срдечно им се заблагодарувам на сите вработени, на сите студенти, на сите надворешни соработници и колеги за укажаната чест.

## 3. Акредитација

Една од главните точки во сферата на планирање, следење и реализирање на наставниот процес, е несомнено (ре)акредитацијата на студиските програми. Оваа

важна одредница во активата на факултетот се пројавува со троен обем: 1. дава можност за промени во однос на претходните акредитирани програми; 2. дава можност за воведување нови предмети и содржини; 3. дава можност за преосмислување на начинот, формата, и содржината на наставниот процес преку кој се реализира една студиска програма. Во колкава мера ќе се искористат овие можности зависи од повеќе фактори, но едно е сигурно – што повеќе се искористат, поголема е веројатноста да се добие квалитетно подобрена програма во однос на претходните. Со други зборови, клучниот аспект на (ре)акредитацијата се однесува на квалитетно и суштинско унапредување, т.е., клучниот збор е квалитетен исчекор.

Почетокот на работата за акредитацијата, утврдената динамика и проекции беа опишани во претходниот извештај. Тука ќе се осврнам само на завршниот дел, кој и временски соодветствува на извештајниот период. Имено, се работи за периодот јануари-јуни 2022 година, кога се изведуваше последната фаза од работниот процес – конечни верзии на студиските програми. Во овој период се диференцираа и се расчистија сите дилеми, прашања, проблеми за кои се зборуваше интензивно на многубројните состаноци одржани на моја иницијатива, како и на иницијатива на катедрите. Од тоа што се доби како конечна верзија, поднесена од секоја катедра одделно може да ги сумирам карактеристиките и резултатите на овој процес во следниве точки:

- Ако треба да го оценам исполнувањето на моите идеи, предлози, заложби во врска со новите студиски програми, општата оцена е дека се постигнаа неколку битни промени во однос на претходните студиски програми; се отстранија неколку проблеми, се надминаа некои застарени ставови врзани за односната тема. Од друга страна, поради постојната силна, нефлексибилна, и цврсто утврдена претстава за тоа што треба да нуди Филолошкиот факултет како студиуми, за која сум апсолутно свесна бидејќи сум дел од колективот веќе 33 години, не се искористи можноста што ја нуди новото време, новите перспективи и парадигми на високото образование (достапни само ‘преку неколку клика‘) во посакуван и можен обем. Тоа е штета, имајќи предвид дека последиците водат до стагнација, но, сепак, успешното мало придвижување во нови насоки дава надеж дека со истрајност, трпение и упорност може да очекуваме подобрени и поквалитетни студиски програми во следните циклуси на акредитација. Инаку, сите мои предлози и иницијативи се аргументирано претставени во документот Елаборат за акредитацијата 2023, кој беше доставен до сите членови на наставниот кадар, како и до деканатот.

- Како постигнати промени во позитивна смисла ги наведувам рангирани следствено: **1. изоставувањето на изборноста во прва година** (со ова им се овозможува на студентите да стекнат увид во тоа што го студираат и потоа да избираат насоки, предмети); **2. јасен и прецизен статус на предметите** (задолжителен јадрен, задолжителен општ, изборен од матичната студиска програма, изборен од други студиски програми, со соодветна распределба на кредитите, и со можност едниот изборен предмет да се земе во низа, т.е., во пакет, што ќе се претстави

соодветно во додатокот на дипломата); **3. сведување на листите за изборни предмети во оптимален број** (секоја студиска програма има своја Листа 1 и Листа 2, во која се наведени изборните предмети врзани потесно и пошироко за односната област).

- Како непроменети позиции во негативна смисла ги наведувам рангирани следствено: **1. задржување на наставната и преведувачката насока кај странските јазични групи** (многу исклучиво со цврст став дека се тоа единствените профили што ги дава Филолошкиот факултет); **2. нефлексибилност во однос на можноста филологиите со различни статуси различно да се изучуваат преку соодветни студиски програми, поточно во однос на можноста за креирање 'програма по мерка'**; **3. малку нови предмети/содржини** (по слободна проценка, само 1-2% од вкупниот број предмети се нови).

- Ова се само моите првични оценки, се разбира не и последни и единствени. Подетален и сеопфатен осврт, како и вреднување на процесот на акредитација, ќе се добие откако ќе се произнесат сите засегнати страни, а и откако ќе се следи реализацијата на овие студиски програми. За оваа цел ќе предложам формирање работна група што ќе изготви методологија преку која ќе дојде до потребните податоци и заклучоци. На тој начин ќе добиеме документ што ќе послужи како патоказ за наредните акредитации.

- На крајот, она за што би сакала да апелирам до целиот наставен кадар е да се ослободиме од сите стравови, несигурности, предрасуди и калкулации при креирање на студиските програми, особено од потребата да се задоволат лични интереси и субјективни вреднувања, затоа што овие негативни признаци потоа ни се враќаат како бумеранг и ни создаваат штетни навики во работата.

## 4. Тековно работење

Покрај овие два крупни потфати, кои ја одбележаа уч. 2021/22, Факултетот тековно ги остваруваше своите редовни и вонредни обврски, и тоа во сите сфери на делувањето: настава, наука, меѓународна соработка, финансиско работење, стручни служби, студентски права и обврски, соработка со домашни сродни и несродни институции, кадровски промени, административно-управни седници и консултации, и сл. Со оглед на тоа што сите активности и случувања во доменот на спомenатите сфери се нотирани во одделните извештаи на продеканите, на раководителите на катедрите, и на секретарот на факултетот, тука не би ги претставувала прекажано, туку во нивната оригинална форма (како интегрални делови на овој извештај и како посебни прилози).

## 5. Заклучок

Почитувани,

Може слободно да ја оцениме изминатата учебна година како успешна, плодна, со голем број активности, од кои можеше многу да се научи. Впрочем, извлекувањето лекции и поуки е она што нè движи напред. Се надевам дека со овој сеопфатен извештај за сите сфери на работењето на Факултетот добивте претстава со каква и колкава актива сме се занимавале во акад. 2021/22.

Им изразувам голема благодарност на сите вработени и на сите надворешни соработници за покажаниот професионален однос и посветеност. Особена благодарност изразувам за укажаната доверба, која ми е примарен водечки импулс во идните факултетски планови, зафати, активности.

Со почит,

проф. д-р Анета Дучевска

Декан

Скопје, 16.12.2022

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: | 07 -11- 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 01 | 1803/9 | | |


**До: Деканатот на**
**Филолошкиот факултет "Блаже Конески"**
**Скопје**

**Предмет:** Извештај за работата на продеканот за настава на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – Скопје за академска учебна 2021/2022 година

-Извештај во однос на делот за настава во академската 2021/2022 година

Почитувани,

Чест ми е да го поднесам првиот извештај за мојата работа како продекан за настава. Мандатот започна со избор како продекан на 05.07.2021. Имајќи ги предвид извештајот ќе ја претставам мојата работа преку активности.

Во месец октомври активностите беа насочени кон успешно отпочнување на наставата на сите студиски групи. Покрај наставниците и странските лектори се ангажираше дополнителен стручен кадар за потребите на наставата визитинг професори, демонстратори и стручњаци од практика кои беа избрани според начинот, условите и постапката за избор утврдени со Статутот на УКИМ. Успешно беше реализирана и наставата на нематичните факултети што ја изведуваат наставници од Филолошкиот факултет, како и стручњаци од практиката. Во текот на учебната година беа одржани голем број на предавања од страна на странски професори како и професори преку програмата Еразмус што беа организирани од катедрите. Исто така Комисијата за унапредување на наставата организираше работилници за наставниците и студентите од Филолошкиот факултет. Со работата и со следење на наставниот процес продолжи во онлајн формат, како и со други аспекти на наставата во услови на учење на далечина преку утврдени методологии.

Конкурсот за упис на нови студенти на прв, втор и трет циклус студии за сите студиски програми беше целосно реализиран. За упис на прв циклус студии, во уч.2021/2022 година се запишаа вкупно 292 студенти. Уписот на новата генерација студенти за учебната 2020/2021 се одвиваше во три уписни рока. Бројот на запишани студенти е загрижувачки мал. Еден од главните фокуси на политиката на факултетот треба да биде насочен кон промовирање на вредностите на филолошките науки и привлекување на поголем број студенти на сите судиски групи. Конкурсот за упис на нови студенти на втор и трет циклус студии се реализира во согласност со пропишаните услови и утврдените рокови според акредитираните студиски програми. Учебната година 2021/2022 не беше воопшто лесна за планирање поради пандемијата и сите неизвесности. Како и да е, со меѓусебна помош, но и со голема посветеност кон реализирање на наставниот процес и на сѐ она што е базична работа на факултетот, успеавме сите заедно да изведеме успешна година. Бидејќи продолжување на новонастанатата ситуација со ковид-19 влијаеше на сите сегменти во наставата. Филолошкиот факултет се консолидираше и ја продолжи наставата само преку онлајн платформите: ZOOM, Teams, Google classroom и други платформи како и дигиталната платформа i-learn. Во септември месец учествувам на работилницата за улога на продеканот за настава при имплементација на дигиталната платформа i-learn. Во однос на испитната сесија, најголем дел од испитите беа изведени со физичко присуство во просториите на факултетот при што беа почитувани сите важечки протоколи за безбедност на студентите и на наставниот кадар во услови на пандемија. Во текот на учебната година се одржа и работилници за улогата на наставникот при имплементација на дигиталната платформа i-learn.

Ми претставуваше чест и задоволство да бидам дел од отворањето на значајна конференција со која ги одбележувавме нашите два јубилеја: 100 години од раѓањето на Конески и 75 години од основањето на Факултетот. За жал, поради состојбата со ковид-19 не бевме во можност да ја

реализираме оваа конференција со физичко присуство, но сепак, во бројно присуство, во виртуелен простор имавме можност да слушнеме и да размениме знаење и искуство на теми од областа на јазикот, книжевноста и културата посветени на нашиот патрон и великан, Блаже Конески.

За матуранти т.е. нашите идни студенти, се организираше Отворен ден во месец ноември преку MS Teams платформата каде што беа презентирани студиските програми на факултетот од страна на раководителите на Катедрите и исто така свое обраќање имаше и Факултетското студентско собрание со своја презентација. Презентирано беше и можностите за стипендирање, имаа можност да ги слушнат искуствата на студентите, нивните активности и вклученост во научноистражувачката проекти. Можностите за меѓународна размена, за студентскиот живот, за практикантството, и за кариерните можности. Во месец декември факултетот го посетија ученици од средно СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин, каде што имаа прилика да слушаат работата на катедрите, да се запознаат со студиските програми. Месец март преку иницијатива на Град Скопје се одржи проектот „Училиштата на Град Скопје со отворени врати за факултетите и универзитетите за промоција на нивните студиски програми". Програма за отворен ден на УКИМ, Филолошки Факултет „Блаже Конески" презентираше за Филолошкиот факултет и презентации на студиските програми од страна на раководителите на Катедрите. Во месец август се организираше настанот „Отворен ден на УКИМ". Овој настан е организиран од Центарот за кариера на УКИМ за посета од страна на заинтересираните матуранти. Настанот се организира со цел да им се помогне на матурантите кои имаат двоумење каде да се запишат, да ја донесат крајната одлука посетувајќи го соодветниот факултет/факултети кои се предмет на нивен интерес.

Во месец јануари имавме средба со претставници од БРО во врска со нормативот на наставниот кадар во основните и средните училишта. Во средбата добивме и прилог од работната верзија на норматив за наставен кадар, кој е направен во согласност со она што го имале на терен, називи во дипломи и секако според она што стои во документите на факултетот. По средбата одлучено е дека студиските програми кај кои експлицитно е наведена наставната насока секако да бидат наведени во нормативот, без разлика на кои катедри се реализираат. Како можни решенија да се оставаат сите студиски програми наведени во нормативот, а во конкурсите за вработување јасно да стои дека предност имаат оние дипломирани на наставните студиски програми.

Креирање на нови студиски програми - ре акредитација 2023година:
Во текот на зимскиот семестар од учебната 2020/21 се изготвуваа студиските програми од прв, втор и трет циклус студии. Од месец септември се организираа работни средби со катедрите при Филолошкиот факултет, плановите, претставување на елаборатот за изготвување на акредитацијата и наративен дел за моделите и студиските програми. Во работните средби се разговараше за новите предизвици во професијата, за подготовката што нашите студенти ја добиваат на факултет. Кадровската состојба, наставата во зимски семестар и ре акредитација на студиските програми 2023г. во месец февруари почнаа средби со катедрите за акредитација на студиските програми. По средбите следеше и консултативен состанок со професори по методика во врска со иницирање и проширување на наставната насока преку нови студиски програми од Филозофскиот факултет. Но предлогот не беше прифатена од мнозинство професори.

Уписот на новата генерација студенти за учебната 2022/2023 се одвиваше во три уписни рока. Бројот на запишани студенти е загрижувачки мал делумно од објективни причини заради намалениот наталитет, но и заради падот на интересот на младите за хуманистичките науки.

31.10.2022
Скопје

д-р Осман Емин, продекан за настава

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ
Примено: 12-12-2022
Орг. Един. 01 Број: 1803/14 Прилог: Вредност:

До Деканот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"

Проф. д-р Анета Дучевска

**Извештај за остварени приходи и реализирани расходи за период 14.9.2021-30.9.2022**

Во текот на периодот 14.9.2021 – 30.9.2022 г. финансиските средства на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", кои се стекнуваат од државниот буџет и од сопствени извори, беа грижливо чувани и распоредувани, што актуелно резултира со зачувување на солидно позитивното салдо (17.288.554,00 денари - состојба на сметка на 30.9.2022 год.).

Приливот на средства на соспствената сметка соодветствува со намалениот број на запишани студенти. Тековните исплати се реализираа според предвидената динамика и според финансискиот план одобрен од Министерството за финансии.

Во текот на овој период, односно од месец септември 2022 год. платите на наставниот кадар беа зголемени за 10% (во делот што го исплаќа МОН), согласно Колективниот договор за високото образование и наука.

*Апликативна дејност.*

Во рамките на апликативната дејност значителни средства беа стекнати по следните основи: одржувана настава на нематични факултети, издавање уверенија за познавање на македонскиот, англискиот и други странски јазици, како и настава и испити по македонски јазик за странци, во организација на ЦЕТИС центарот.

*Проекти, грантови, спонзорства и донации.*

Во текот на наведениот период се реализираа следниве проекти: *„Инструкција за ефективно процесирање на јазични структури при изучување на англискиот јазик како трет странски јазик: разлики помеѓу двојазични говорители кои подеднакво ги владеат двата јазика и двојазични говорители кои нееднакво ги владеат двата јазика*“ (краток назив: PI-BI-L3) - меѓународен македонско-австриски проект, *Развивање на програма за додипломски и последипломски студии по применети јазици*, од програмата на Еразмус+ за стратешко партнерство, *Модерни славистички студии*, од програмата на Еразмус+ за стратешко партнерство, *Romance languages for Slavic-speaking university students under the Erasmus+ programme* - проект од програмата Еразмус (КА2) за стратешко партнерство, *Capacity building and awareness-raising for interpreters in Refugee TRANSit zones (RETrans)* - проект од програмата Еразмус+ (КА220-HED) за стратешко партнерство, носител на проектот е Универзитетот во Виена, Р. Австрија, *„Термини и терминолошки изрази од доменот на ковид-пандемијата во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик“* - научноистражувачки проект на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје финансиран од интегративните средства за финансирање на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и грант при Генералниот директорат за толкување на Европската комисија и Европскиот парламент за учебната 2021/2022 година за студиите од втор циклус студии по конференциско толкување (отпочната постапка за аплицирање и за за учебната 2022/2023 година).

За јазиците кои се изучуваат на нашиот Факултет имаше и донации по неколку основи: обезбедување практикант по француски јазик во рамките на центаарот на АУФ, донации на книги и сл.

*Изданија.*

Од печат излегоа следните изданија: *Практикум по граматика на англискиот јазик – Синтакса 2* (учебни помагало) од д-р Наташа Стојановска-Илиевска; монографиите: *Соматската фразеологија во преводот (македонско-чешки преплетувања)* од д-р Јасминка Делова Силјанова и *Еуфемизмите во францускиот и во македонскиот јазик* од м-р Анита Кузамоновска и *Термини и терминолошки изрази од доменот на пандемијата на Ковид-19 во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик ТЕРМАКФРИТ* од д-р Славица Велева, д-р Ирина Бабамова и д-р Александра Саржоска

*Инвестиции.*

И во текот на овој период беше инвестирано во тековно одржување на објектот.

Релизирани се и самофинансирачки активности на полето на научноистражувачката работа: и во овој период продолжи макропроектот „Јазици, книжевности, култури: образовни политики во функција на современото општество“ (поради намалениот прилив на средства, исплатата се реализираше заклучно со месец јуни 2022 год.), а беше обезбедена поддршка и за усовршување на членовите на наставниот кадар преку учество на меѓународни собири и конференции во земјава и во странство (со физичко присиство и/или онлајн).

Со оглед на неможноста да се пополнат сите испразнети места на Факултетот преку нови вработувања, од сопствени средства, со максимална рационализација, се инвестираше во хонорарно ангажирани лица по разни основи: стручњаци од практика и демонстратори за потребите на наставата, административни службеници, хигиеничарки и сл.

Во прилог следат извештаите за остварени и реализирани приходи во горенаведениот период.

Со почит,

Скопје,

12.12.2022 год

Проф. д-р Ваљбона Тоска

продекан за финансии

V. Toska

## Сметка 603 буџетска средства
**приходи**

| | |
|---|---|
| Плати | 87.736.119,00 |
| Договорни(странски лектори) | 2.325.942,00 |
| Парно греење | 4.249.570,00 |
| Вода и ѓубретарина | 1.925.008,00 |
| Разни трансфери (отпремнини и солидарна помош) | 631.336,00 |
| **Вкупно** | 96.867.975,00 |

## Сметка 603 буџетска средства
**расходи**

| | |
|---|---|
| Плати | 87.736.119,00 |
| Договорни(странски лектори) | 2.325.942,00 |
| Парно греење | 4.249.570,00 |
| Вода и ѓубретарина | 1.925.008,00 |
| Разни трансфери (отпремнини и солидарна помош) | 631.336,00 |
| **Вкупно** | 96.867.975,00 |

За период :15.9.2021-14.9.2022






## Сметка 788 сопствени средства

**приходи**

| | |
|---|---|
| Партиципации и презапишувања,испишување | ########### |
| Втор и трет циклус | 4.362.809,00 |
| Дипломски,рок за дипломски,издавање дипломи | 1.526.320,00 |
| Нематични факултети | 790.541,00 |
| Приходи од донации | 1.196.980,00 |
| Приходи од проекти и конференции | 373.364,00 |
| **Вкупно** | **35.438.328,00** |

## Сметка 788 сопствени средства

**расходи**

| | |
|---|---|
| Доплата за плата | ########### |
| Патни расходи | 355.038,00 |
| Комунални услуги | 767.785,00 |
| Канцелариски и прехрамбени трошоци | 426.589,00 |
| Поправки и тековно одржување | 1.462.107,00 |
| Договорни услуги | ########### |
| Тековни расходи | 789.531,00 |
| Опрема | 61.125,00 |
| Вложувања, нефинансиски средства | 27.530,00 |
| Печатарски услуги | 1.306.837,00 |
| **Вкупно** | **42.511.422,00** |
| Состојба на с-ка 15.09.2021 | 17.284.203,00 |
| Состојба на с-ка 14.09.2022 | 10.123.951,00 |

## Сметка 788 сопствени средства
## Приходи = 35.438.328,00




## Сметка 788 сопствени средства


Расходи = 42.511.422,00
2%
30%
61%
1%
2%
3%
Доплата за плата
Патни расходи
Комунални услуги
Канцелариски и прехрамбени трошоци
Поправки и тековно одржување
Договорни услуги
Тековни расходи
Опрема

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ
Примено: 10 -11- 2022
Орг. Един.: 01 | Број: 1803/10 | Прилог: | Вредност:

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И НАУКА

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 15.9 2021 ДО 01.10 2022

Во извештајниот период меѓународната соработка на Филолошкиот факултет, се одвиваше преку следниве активности:

1. Во рамките на програмата за мобилност на студенти ЕРАЗМУС+ беа остварени вкупно девет мобилности и тоа при универзитетите:

| | |
|---|---|
| Универзитет Ескишехир | Турција (три мобилности) |
| Вроцлавски универзитет | Полска |
| Универзитет Адам Мицкиевич | Полска |
| Универзитет во Рим | Италија (две мобилности |
| Унивезитет во Задар | Хрватска (две мобилности) |

2. Во однос на гостувањата на наставен кадар, во периодот од септември 2021 година до септември 2022 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје се донесоа 17 Одлуки за гостувања на факултетот и тоа:

1. Донесување Одлука за гостување на професор Фатима Марино од Универзитетот во Порто на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје преку програмата Еразмус+ во зимскиот семестар во академската 2021/2022 година. Оваа Одлука беше донесена на 64 редовна седница на ННС, одржана на ден 22.9.2021 година.

2. Донесување Одлука за гостување на доц. д-р Хана Бергерова од Универзитетот Јан Евангелиста Пуркин во Усти на Лаба, Чешка на Катедрата за германски јазик и книжевност во зимскиот семестар во академската 2021/2022 година со предавања од областа на Лексикологијата на германскиот јазик на студентите по германски јазик и книжевност. Оваа Одлука беше донесена на 66 редовна седница на ННС, одржана на ден 17.11.2021 година.

3. Донесување Одлука за гостување на д-р Елена Ремчукова, професор на Рускиот универзитет дружба на народите, со предавање на тема „Креативните зони на руската граматика" на Катедрата за славистика при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје во текот на зимскиот семестар од учебната 2021/2022 година. Оваа Одлука беше донесена на 67 редовна седница на ННС, одржана на ден 16.12.2021 година.

4. Донесување Одлука за гостување на д-р Људмила Хворова, професор на Тамбовскиот државен универзитет „Г.Р.Державин“, со предавање на тема „Ф.М. Достоевски: рецепција на творештвото и пророчки идеи (лекција посветена на јубилејот 200 години од раѓањето на писателот)“ на Катедрата за славистика при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во текот на зимскиот семестар од учебната 2021/2022 година. Оваа Одлука беше донесена на 67 редовна седница на ННС, одржана на ден 16.12.2021 година.

5. Донесување Одлука за гостување на проф. д-р Петар Радосављевиќ од Факултетот за хуманистички и општествени науки (Филозофски факултет) Оддел за романски студии при Универзитетот во Загреб на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје со предавање на Катедрата за романски јазици и книжевности преку програмата Еразмус+ во периодот од 8 до 13 мај 2022 година.Оваа Одлука беше донесена на 70 редовна седница одржана на 16.3.2022 година.

6. Донесување Одлука за гостување на Јулија Александровна Мареева од Институтот за руски јазик и култура при Московскиот државен универзитет „М.В. Ломоносов“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на Катедрата за славистика со предавање на тема „Падежите во рускиот јазик: тајни на успехот“. Предавањата ќе се одржат онлајн во периодот од 11 до 19 мај во учебната 2021/2022 година.Оваа Одлука беше донесена на 71 редовна седница, одржана на 20.4.2022 година.

7. Донесување Одлука за гостување на проф. д-р Рената Бура од Јагелонскиот универзитет во Полска на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје преку програмата Еразмус+ во летниот семестар во академската 2021/2022 година.Оваа Одлука беше донесена на 71 редовна седница, одржана на 20.4.2022 година.

8. Донесување Одлука за гостување на Н.Е. Хозе Луис Лосано Гарсија, Амбасадор на Кралството Шпанија во Република Северна Македонија со предавање на Катедрата за романски јазици и книжевности при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на 19.4.2022 година.Оваа Одлука беше донесена на 71 редовна седница, одржана на 20.4.2022 година.

9. Донесување Одлука за гостување на Марио Де Роза, прв секретар во Италијанската амбасада – Скопје со предавање на тема „Поети на предметите: размисли за стиховите и материјата во италијанската поезија („I poeti delle cose“: riflessioni sulla poesia e la materia nella poesia italiana) на Катедрата за италијански јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на 9 мај 2022 година. Оваа Одлука беше донесена на 71 редовна седница, одржана на 20.4.2022 година.

10. Донесување Одлука за гостување напроф. д-р Јакуб Иванек, од Остравскиот универзитет во Чешка на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопјепреку програмата Еразмус+ во летниот семестар во академската 2021/2022 година, во периодот помеѓу 16 и 20 мај.Оваа Одлука беше донесена на 72 редовна седница, одржана на 18.5.2022 година.

11. Донесување Одлука за гостување на проф. д-р Дариуш Рот од Шлезиски универзитет во Катовице, Полска на Катедрата за славистика при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во периодот од 6.11 до 12.11.2022 година. Оваа Одлука беше донесена на 75 редовна седница, одржана на 21.9.2022 година.

12. Донесување Одлука за гостување на проф. д-р Паоло Балбони од Универзитетот Ка' Фоскари во Венеција, Италија со предавање под наслов: „L'idea di lingua che hanno i giovani d'oggi: lessico, grammatica, strategie“ („Идејата за јазикот на младите на денешницата: лексика, граматика, стратегии“) на Катедрата за италијански јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже

Конески" во Скопје во месец октомври 2022 година.Оваа Одлука беше донесена на 75 редовна седница, одржана на 21.9.2022 година.

13. Донесување Одлука за гостување на проф. д-р Лоренцо Ковери од Универзитетот во Џенова, Италија со предавање под наслов: „L'italiano e i giovani" („Италијанскиот јазик и младите") на Катедрата за италијански јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје во месец октомври 2022 година.Оваа Одлука беше донесена на 75 редовна седница, одржана на 21.9.2022 година.

14. Донесување Одлука за гостување на проф. д-р Габја Банкаускаите од Универзитетот во Вилнус, Литванија преку програмата Еразмус+ во зимскиот семестар во академската 2022/2023 година.Оваа Одлука беше донесена на 75 редовна седница, одржана на 21.9.2022 година.

15. Донесување Одлука за гостување на проф. д-р Агњешка Тамбор од Универзитетот во Шлезија преку програмата Еразмус+ во зимскиот семестар во академската 2022/2023 година.Оваа Одлука беше донесена на 75 редовна седница, одржана на 21.9.2022 година.

16. Донесување Одлука за гостување на проф. д-р Јоланта Тамбор од Универзитетот во Шлезија преку програмата Еразмус+ во зимскиот семестар во академската 2022/2023 година.Оваа Одлука беше донесена на 75 редовна седница, одржана на 21.9.2022 година.

17. Донесување Одлука за гостување по покана на д-р Блејк Смит, доцент на Универзитетот во Чикаго, Соединети Американски Држави, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје во зимскиот семестар во учебната 2022/2023 година преку програмата Fulbright Scholar Program. Оваа Одлука беше донесена на 76 редовна седница, одржана на 30.9.2022 година.

3. Во текот на академската 2021/22 година, во рамките на Еразмус+ програмата беа потпишани нови договори, и тоа:
   - Договор со Универзитетот Франш-Комте во Безансон, Франција
   - Договор со Универзитетот во Гданск (руски јазик)

Тука треба да се спомене дека сѐ уште се очекуваат насоки од Одделението за меѓународни односи при Ректоратот на УКИМ во однос на профилот на УКИМ на новата платформа EWP (ErasmusWithoutPaper), кој ќе биде од суштинско значење за понатамошното обновување/ склучување на договори со Универзитетите, но и за потпишувањето на договорите за номинираните студенти кои треба да остварат мобилност на странските универзитети. Немаме добиено нови информации во врска со креирањето на профилот на УКИМ.

Дополнително, конечно беше потпишан договор за билатерална соработка со Универзитетот во Санкт Петерсбург.

4. Во текот на извештајниот период продолжи работата на проектите на Филолошкиот факултет од акцијата Erasmus + KA2:
   - ERASMUS+ Project KA220-HED – 2021-1-IT02-KA220-HED-000027501 Romance languages for Slavic-speaking university students – LMOOC4Slav

- DAFLS (Developing Applied Foreign Language Skills), „Развивање на програма за додипломски и последипломски студии по применети јазици" проект за стратешко партнерство (со Универзитетот во Каен, Франција, Универзитетот во Белград и невладинатаорганизација АЛДА од Скопје)

- „Модерни славистички студии" (Towards Modern Slavic Studies),

- започна реализацијата на четвртиот проект од програмата К2: „Интеракција со толкувачи во транзитни зони за бегалци: градење на капацитети и подигнување на свеста во контекст на високото образование" (акроним на проектот: РеТранс)

Во извештајниот период поднесовме апликација за проект од областа на медиумската писменост пред УСАИД/ИКС. Проектот Introducing Media Literacy to Future Philologists ја доби поддршката од УСАИД/ИКС и се одвива под раководство на доц. д-р Кристина Николовска.

5. Други активности:

Во извештајниот период, продолжи работата на Центарот за универзитетска успешност Le Très-Fle, во соработка со Универзитетската Агенција за Франкофонија. Исто така, продолжи соработката со традиционалните партнери на Филолошкиот факултет, Гете институтот во Скопје и Институтот Камоенш.

Во овој извештаен период Филолошкиот факултет повторно го доби грантот од Корејската фондација, наменет за лекторот кој ја одржува наставата по корејски јазик во 2022/2023 година. Беше подготвена и нова апликација за овој грант, за учебната 2023/2024 година, за што ги очекуваме резултатите.

Во извештајниот период добивме и грант од Јапонската фондација, во износ од 100 000 јени, кој треба да се искористи за набавка на книги.

6. Во извештајниот период продолжи излегувањето на првото меѓународно научно списание на Филолошкиот факултет „Современа филологија".

Проф. Д-р Маја Бојаџиевска

Продекан за меѓународна соработка и наука

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ
Примено: 04 -11- 2022
Орг. Един. 01 Број: 1803/8 Прилог: Вредност:

До
проф. д-р Анета Дучевска, декан
Филолошки факултет „Блаже Конески" во Скопје

Предмет: Извештај за работата на Стручната и административна служба на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје за периодот 1.10.2021 година – 30.9.2022 година

Почитувана деканке,

Работата на Стручната служба во извештајниот период ќе ја претставам одделно преку одделенијата, согласно Правилникот за внатрешната организација на Факултетот.

## I. Одделение за правни, општи работи и човечки ресурси

### 1. Работа на Наставно-научниот совет

Во наведениот период беа одржани вкупно 13 седници на Наставно-научниот совет, од кои 12 беа редовни седници, а 1 вонредна седница.

На седниците на Наставно-научниот совет беа разгледани 468 точки на дневен ред со разновидна содржина. Најголем дел од нив беа законски постапки произлезени од примена на одредбите од Законот за високото образование, Статутот и Правилниците на УКИМ.

### 2. Работа на Деканатската управа

Во наведениот период беа одржани вкупно 8 редовни седници на Деканатската управа.

На седниците на Деканатската управа беа разгледани 39 точки на дневен ред од разновидна содржина кои произлегуваат од надлежноста на Деканатската управа, согласно Законот за високото образование и Статутот на Факултетот.

### 3. Работни односи

Во наведениот период беа спроведени 11 постапки за избор во наставно-научни, избор/реизбор во наставно-стручни и соработнички звања и тоа:

- 1 постапка за избор во звањето редовен професор;
- 4 постапки за избор во звањето вонреден професор;
- 2 постапки за реизбор во звањето виш лектор;
- 3 постапки за ре/избор во звањето лектор;
- 1 постапка за избор во звањето асистент;

Од наведените, две постапки беа за нови вработувања, и тоа: еден лектор по германски јазик и еден асистент по македонска книжевност.

Од барањата за потребите од наставен кадар доставени до надлежните министерства за нови работни места, Факултетот оваа година доби согласност за вработување на неопределено време на еден асистент од наставно-научната област теорија на книжевноста и историја на општата книжевност. Постапката за избор е во тек.

Кадровската состојба во Стручната и административна служба се подобри со редовно вработување на четири помлади соработници за библиотечно работење, тројца самостојни референти, еден курир и еден хигиеничар, кои досега беа ангажирани со договор на дело, односно на определено време до крајот на декември 2021 година. Но, на почетокот на месец декември 2021 година, од Министерството за финансии за наведените работни места добивме согласност за вработување на неопределено време. Постапката беше успешно завршена до крајот на 2021 година. Во текот на септември 2022 година Факултетот, по претходно обезбедена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства, спроведе постапка за унапредување на шест лица и тоа: еден раководител на Одделението за библиотечно работење, еден помлад соработник за сметководство во Одделението за финансиско, материјално и сметководствено работење и четири помлади соработници во Одделението за студентски прашања.

За потребите на одделениејата во Стручната служба се ангажираат и три лица со договор на дело.

Во текот на извештајниот период од наставниот кадар пензиониран е еден виш лектор и двајца вработени од Стручната служба. А додека тројца вработени од Стручната служба заминаа на други работни места.

## 4. Настава

За жал и оваа академска година наставата и целосниот наставно-образовен процес се одвиваше претежно со примена на видеоконференциска врска.

Иако ентузијастички, дел од наставата на почетокот на академската година започна со физичко присуство на студентите, што овозможи барем за кратко да се почувствува вистинскиот дух на еден факултет, за жал, под закана на брзото ширење на заразата од ковид-19 целокупната настава се префрли онлајн со почитување на актите со кои е утврден начинот на изведување на наставата на студиските програми на прв, втор и трет циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје.

За реализација на наставно-образовниот процес на Факултетот се користи законската можност за ангажирање на стручњаци од практиката како и за ангажирање на демонстратори.

Па така спроведени се постапки за ангажирање на вкупно 21 стручњак од практиката за потребите на катедрите на Факултетот и на вкупно 6 стручњаци од практиката за потребите за изведување на наставата на другите факултети на Универзитетот.

Исто така спроведени се постапки за ангажирање на вкупно 30 демонстратори за потребите на катедрите на Факултетот и постапки за 5 демонстратори за потребите за изведување на наставата на другите факултети на Универзитетот.

Во изведувањето на наставата вклучени беа и странските лектори чиј ангажман се регулира преку постојните меѓудржавни, меѓууниверзитетски и/или меѓуфакултетски договори, како и преку договори со различни агенции и фондации за академска размена. Беа спроведени 19 постапки за ангажирање на странски лектори вклучително и целосната постапка за обезбедување на документација за привремен престој во Македонија.

## 5. Проекти и грантови

Во Одделението се преземаа сите потребни дејствија за реализација на следните проекти и грантови:

- меѓународен македонско-австриски проект под наслов: *„Инструкција за ефективно процесирање на јазични структури при изучување на англискиот јазик како трет странски јазик: разлики помеѓу двојазични говорители кои подеднакво ги владеат двата јазика и двојазични говорители кои нееднакво ги владеат двата јазика*“ (краток назив: PI-BI-L3), раководител, проф. д-р Анастазија Киркова-Наскова;(проектот заврши во февруари 2022 година)
- научно-истражувачкиот проект, *Развивање на програма за додипломски и последипломски студии по применети јазици*, од програмата на Еразмус+ за стратешко партнерство, раководител е проф. д-р Јованка Лазаревска-Станчевска;
- научно-истражувачкиот проект, *Модерни славистички студии*, од програмата на Еразмус+ за стратешко партнерство, раководител е проф. д-р Јасминка Делова-Силјанова;
- проект од програмата Еразмус (КА2) за стратешко партнерство под работен наслов: Romance languages for Slavic-speaking university students under the Erasmus+ programme, носител на проектот е Универзитетот за странци во Перуџа, Италија, проф. д-р Радица Никодиновска, раководител на проектот.
- проект од програмата Еразмус+ (КА220-HED) за стратешко партнерство под работен наслов: *Capacity building and awareness-raising for interpreters in Refugee TRANSit zones (RETrans)*, носител на проектот е

Универзитетот во Виена, Р. Австрија, проф. д-р Силвана Симоска раководител на проектот.

- грант при Генералниот директорат за толкување на Европската комисија и Европскиот парламент за учебната 2021/2022 година за студиите од втор циклус студии по конференциско толкување, раководител, д-р Милан Дамјаноски.

- научноистражувачки проект на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје финансиран од интегративните средства за финансирање на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје под наслов:*„Термини и терминолошки изрази од доменот на ковид-пандемијата во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик"*, раководител на проектот проф. д-р Славица Велева.

На следните проекти, односно грантови, се отпочна постапка за аплицирање:

- грант при Генералниот директорат за толкување на Европската комисија и Европскиот парламент за учебната 2022/2023 година за студиите од втор циклус студии по конференциско толкување.

На 69. седница на Наставно-научниот совет одржана во месец февруари 2022 година на предлог на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици се донесе Одлука за преименување на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици во Катедрата за македонски јазик. На истата седница исто така на предлог на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности се донесе Одлука за преименување на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности во Катедра за македонска книжевност и култура. Следствено на овие одлуки на 70 седница на Наставно-научниот совет се донесе Статутарна одлука за измена на Статутот на Филолошкиот факултет каде Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици се преименува во Катедрата за македонски јазик, а додека Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности се преименува во Катедрата за македонска книжевност и култура..

## II. Одделение за студентски прашања

1. Прв циклус студии

Академската 2021/2022 година ја започнавме со запишување на 292 студенти на сите студиски програми на Факултетот на Конкурсот за запишување студенти.

Пријавувањето на кандидатите се одвиваше онлајн, што значително ја отежна проверката на исполнетоста на условите на кандидатите за запишување на студиските програми на Факултетот. А, секако, и

спроведувањето на запишувањето со физичко присуство во услови на ковид пандемија беше предизвик, но и голем ризик за зачувување на здравјето на вработените, справувајќи се со разните убедувања за потребата од почитување на мерките за заштита од ковид-19.

Во Одделението се организираа две промоции на вкупно 267 дипломирани студенти на прв циклус студии.

Променетите услови за работа наметнати од ковид пандемијата секако се одразија и на спроведување на испитните сесии, односно пријавувањето на испитите, проверката за исполнетост на условите за полагање на испитите и внесување на оценките во пријавите за испит и индексите на студентите по завршување на сесиите. Се изнаоѓаа начини како да се изведе сето ова, кое како процедура е предвидена во актите на Универзитетот и Факултетот, а сепак да се испочитуваат мерките за заштита и да се намали физичкото групирање во внатрешноста на Факултетот.

Во спроведување на оваа активност неминовно беше координирано работење на референтите во Одделението за студентски прашања и на библиотекарите од катедрите на Факултетот.

1.1. Дисциплинска постапка

Дисциплинската комисија во текот на извештајниот период спроведе 1 дисциплинска постапка, согласно со членовите 39 и 40 од Статутот на УКИМ, предвидени како лесни и тешки дисциплински повреди и беше изречена дисциплинска мерка јавна опомена.

1.2. ЕРАЗМУС+ мобилност на студенти

Во акад. 2021/2022 г. на студентска размена заминаа девет студенти, додека на нашиот Факултет мобилност оствари една студентка од Полска, а една студентка од Србија реализира студентска пракса.

Во текот на оваа акад. година гостуваа вкупно пет професори..

**2.Втор циклус студии**

И на вториот циклус студии пријавувањето на кандидатите се одвиваше онлајн. Во првиот рок согласно Конкурсот се запишаа вкупно 21 студент на втор циклус, односно претставено по научни области: Македонски јазик – 1; Македонска книжевност – 1; Наука за јазик - 5; Наука за книжевност и културолошки студии – 5, Конференциско толкување – 5 и Дидактика и методика на германскиот јазик – 4.

Вкупно 12 студенти на втор циклус студии ги одбранија своите магистерски трудови во 2021/2022година. Претставено по научни области: Македонски јазик – 1; Македонска книжевност – 3; Наука за јазик - 5; Наука за книжевност и културолошки студии – 2, Конференциско толкување – 1.

**3.Трет циклус студии**

На докторските студии во оваа учебна година се запишаа вкупно 17 студенти. Претставено по научни области: на Македонистика - 6, Наука книжевност – 4, на Наука за јазик – 7.

Вкупно 5 докторанди ја одбранија својата докторска дисертација во 2021/2022 година и претставено по научни области: Македонистика - 2; Наука за јазик – 3.

Во Одделението се разгледани и решени вкупно 1928 молби од студенти по разни основи.

## III. Одделение за финансиско, материјално и сметководствено работење

**1. Плата**

Платата се исплаќаше со редовна динамика. Со стапувањето во сила на Колективниот договор за високото образование и наука, во месец септември 2022 година се исплати и второто покачување на платата за вработените во високообразовните институции.

**2. Завршна сметка**

Почетокот на новата академска година го означува крајот на фискалната година и подготовка на т.н. завршна сметка за финансиското и материјалното работење на Факултетот. И оваа година во последниот квартал се подготвуваше документацијата и се приврштуваше со подготовките за изработка на завршната сметка. Па така, на седница на Наставно-научниот совет се усвои Годишниот извештај за финансиското работење на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје за периодот 1.1.2021 година до 31.12.2021 година за сметките:160010423560310 – буџетска, 160010423578810 – сопствена и 160010423563117 – закуп.

**3.Попис**

Во Одделението се спроведе годишен попис на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје со состојба на 31.12.2021 година, и тоа на: постојните средства; библиотечен фонд; паричните средства, побарувања и обврски. Следствено на тоа се изврши и отпис и расходување на основните средства и ситен инвентар кои поради дотраеност и/или техничка застареност беа во неупотреблива состојба. Основните средства и ситен инвентар и физички беше отстранет од просториите на Факултетот.

**4.Јавни набавки**

Во текот на извештајниот период согласно утврдената динамика во Годишниот план за јавни набавки беа спроведени постапки за јавните набавки за кои следуваше објавување, односно течеше реализацијата на веќе склучените договори:

**I. Јавни набавки на стоки**

1. Средства за одржување на хигиена
ВЕЃО КОМЕРЦ (223.940,00 ден.) во тек (14.06.2022-13.06.2023)
2. Тонери, мастила и рибони
БИРОТЕХНИКА (10.478,00 ден.) реализиран (12.08.2021-12.08.2022)
ТРИНИКС (286.303,00 ден.) реализиран (12.08.2021-12.08.2022)
ДТУ ОФИСПЛУС ДООЕЛ (304.732,00 ден.)
реализиран (12.08.2021-12.08.2022)
3. Информатичка видео и аудио опрема
АПОЛО РАТКО ДООЕЛ (73.080,00ден.) реализиран (04.03.2021-04.03.2022)
БОКИ КОМПЈУТЕРИ (21.830,00 ден.) реализиран (04.03.2021-04.03.2022)
СЕТЕК СЕ ОД ТЕХНИКА (71.200,00) реализиран (04.03.2021-04.03.2022)
4. Канцелариски материјали
ОФИС ПЛУС ( 964.203,00) во тек ( 21.12.2021-20.12.2022)

**II. Јавни набавки на услуги**

1.Воздушен транспорт-авио билети
НУ ВЕЈС ОФ ТРАВЕЛ (1.180.000,00 ден.) во тек (31.05.2022-30.05.2023)
2. Обезбедување на објекти (ректорат)
СЕКЈУРИТИ ГРУП СЕРВИС (1.800.000,00 ден.) во тек (25.05.2022-24.05.2023)
3. Хотелско сместување во земјава
ДОЛЧЕ ИНТЕРНАЦИОНАЛ (345.000,00 ден.) реализиран (12.08.2021-13.08.2022)
ДРИМ ТРАВЕЛ И ТУРС (236.000,00 ден.) реализиран (12.08.2021-12.08.2022)
4. Такси услуги
ГЛОБАЛ ТРИП ДОО (118.000,00 ден.) во тек (29.06.2022-28.06.2023)
5. Систематски преглед
ПОЛИКЛИНИКА МЕДИКА С (113.600,00 ден.) во тек (24.06.2021-24.06.2023)
6. Поправка и одржување на клима уреди
ТИВЕРИЈА ЃОРЃИ (248.272,00 ден) реализиран (12.08.2021-12.08.2022)
7. Поправка и одржување на канцелариска опрема
ОЛИ ВЕТИ КОПИРС (70,800,00 ден) реализиран (06.09.2021-06.09.2022)
ТЕЛКОМ ММ (283.200,00 ден) реализиран (06.09.2021-06.09.2022)
8. Огласување во дневни весници
КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО (118.000,00 ден) во тек (11.04.2022 – 10.04.2023)
СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ( 236.000,00 ден) во тек (11.04.2022 -10.04.2023)

9.Осигурување на лица, движен и недвижен имот
ВИНЕР – ВИЕНА ИНШУРЕНС (169.837,00 ден) во тек (10.12.2021 – 12.12.2022)
10. Монографија и графички дизајн
ГРАФОПРОМ БИТОЛА (397.306,00 ден) реализиран (31.05.2021-31.05.2022)
11. Услуги за мобилна телефонија
МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ (708.000,00) во тек (4.8.2022-3.8.2023)
12. Услуги за тековно одржување и поправка на зграда
ЈУГООПРЕМА ИНЖИНЕРИНГ ДОО (1.744.801,00) во тек (17.3.2022-16.3.2024)

Набавките се реализираат во зависност од потребите.

## IV. Одделение за библиотечно работење

Одвивањето на наставата онлајн, го намали присуството на студентите на Факултетот, а со самото тоа и посетеноста на библиотеките при катедрите.

За полесна достапност и унифицираност на информациите се изработи посебен календар на кој се внесуваат распоредите со термини за настава и испити за секоја катедра посебно, а овозможено е и пребарување по простории.

Библиотекарите кои се и секретари на катедрите се директно инволвирани во сите процеси на работење и изработка на целокупната документација која произлегува од работата на катедрата.

## V. Други активности

4.1. Во текот на академската 2020/2021 година беше спроведена самоевалуација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје за периодот 2018/2019-2020/2021 година, а на 65. седница на Наставно-научниот совет одржана на 20.10.2022 година се усвои Извештајот на Комисијата за спроведување на постапката за самоевалуација.

4.2. Декември 2021 година беше значаен за Филолошкиот факултет „Блаже Конески" затоа што се одбележуваа два јубилеја, 100-годишнината од раѓањето на Блаже Конески и 75-годишнината од основањето на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. По тој повод беше организирана пригодна свеченост, беше одржан Научен собир и беа издадени *Монографија на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" 2006-2021 по повод 75 години од основањето 1946-2021;* Брошура *100 години Блаже Конески,*издание на македонски, на албански и на англиски јазик; книга на преводи *Еден преведувачки опит Студентска работилница- Конески на 14 јазици.*

4.3. Издавачка дејност

Во рамките на издавачката дејност, согласно Правилникот за издавачка дејност на Универзитетот се спроведоа постапки за издавање на следните изданија:

- Учебно помагало *Практикум по граматика на англискиот јазик – Синтакса 2* од д-р Наташа Стојановска-Илиевска;
- Монографија *Соматската фразеологија во преводот (македонско-чешки преплетувања)* од д-р Јасминка Делова Силјанова;
- Монографија *Еуфемизмите во францускиот и во македонскиот јазик* од м-р Анита Кузамоновска;
- *Термини и терминолошки изеази од доменот на пандемијата на Ковид-19 во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик ТЕРМАКФРИТ* од д-р Славица Велева, д-р Ирина Бабамова и д-р Александра Саржоска

4.4. Факултетско студентско собрание

По истекот на мандатот на претседателот и членовите на Факултетско студентско собрание, беше распишан Оглас за избор на претседател и членови на ФСС. Но, огласот се продолжуваше 5 пати, но не се пријавија доволен број на кандидати. За жал се уште не се избраа претседател и членови на ФСС.

***

Во текот на целиот извештаен период Стручната и административна служба максимално се обидуваше да ги надмине проблемите со кои се соочуваше, предизвикани од повеќе фактори и се стремеше кон соодветно искористување на кадровските потенцијали и одржување на условите за непречено функционирање на работниот процес, извршувајќи ги работните задачи посветено, професионално и експедитивно. Се посветуваше внимание на соработката меѓу колегите, на меѓусебното разбирање и доверба, на меѓусебното почитување, на одговорноста и на професионалноста.

СЕКРЕТАР
на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“
Маргарита Шукулоска